**Обраќање на министерката за одбрана Славјанка Петровска по повод испраќањето на два вода во НАТО мисиите во Бугарија и Романија**
**30.11.2022 – Касарна „Илинден" Скопје**

Ова утро сум особено горда, и чест ми е што стојам пред вас припадниците на македонската армија, нашата НАТО армија. Вие сте нашите први единици во борбените групи на Алијансата во Романија и Бугарија, каде заедно со припадниците на вооружените сојузнички сили, се составен дел од колективниот систем за одвраќање и одбрана.

Јас немам сомнеж дека вие ќе ги покажете сите стекнати вештини, способности  вашата професионалност, која ја гледаме секојдневно и во секоја извршена задача. Верувам и знам дека одлично ќе се вклопите во заедничкиот тим во овие две земји и дека ќе бидете армиски припадници на кои секој може да се потпре.

Денешната реалност исполнета со сериозни безбедносни предизвици, побарува заеднички, здружен и обединет НАТО одговор.

Нелегалната и неиспровоцирана руска агресија врз независна и суверена Украина ни покажа дека и во прогресивна Европа, во колевката на светската цивилизација, конвенционалното војување не е минато и дека НАТО мора да остане силен и одлучен во својата намера да ја заштити евроатлантската област, вклучувајќи го и нашиот регион и Северна Македонија.

Нашиот сојузнички одговор е јасен и гласен. Нема да дозволиме никој да ја загрози нашата безбедност и безбедноста на нашите граѓани, нашите блиски и нашите семејства. НАТО е одбранбена алијанса и не претставува закана за ниту една земја, но НАТО е подготвено и обединето во одбраната на секоја педа сојузничка територија, а тоа е факт кој можеме да го видиме и денеска на ова свечено испраќање.

Впрочем токму вашата професионалност и мотивираност се причината зошто бескомпромисно и успешно се бориме и за подобра опременост во армијата и за повеќе вежби, за повеќе обуки, за повисок стандард на сите армиски припадници.

Почитувани припадници на Армијата,

од оваа говорница сакам да ви порачам три нешта

Прво бидете горди на себе. Вие сте НАТО, и вие сте браникот на современите цивилизациски вредности. Вие сте дел од колективната одбрана што ни овозможува да живееме во мир безбедност и стабилност. Вашата работа е гарант дека нашиот начин на живот денес ќе биде начин на живот и утре.

Второ, покажете сè што знаете и умеете. Бидете сигурни дека сте повеќе од достојни да бидете рамо до рамо со нашите сојузници затоа што вашиот професионализам е видлив, а вашата мотивација е висока. Вие сте еднакви меѓу еднаквите и тоа нека биде уште еден мотив да докажете дека Северна Македонија има професионални војници, подофицери и офицери кои се составен и активен дел од нашиот безбедносен чадор – колективната одбрана.

И трето, завршете ја вашата мисија, помогнете во колективните напори за зацврстување на безбедноста и стабилноста на НАТО и вратете се дома кај своите семејства. Ве очекуваме по вашата ротација со уште поголемо искуство и со уште посилен мотив да продолжите секојдневно да работите за просперитетот на својата нација.

Јас сум горда што македонското знаме ќе се вее и во Бугарија и во Романија.

Бидете горди и достоинствени.